19.12.25

Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката СКОПЈЕ

| Примено: 18-12-2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 7254/ | | |

**ДО:**
АД за изградба и стопанисување со станбен простор
и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје
ул. Орце Николов бр. 138, 1000 Скопје
е-маил: adsdp@adsdp.mk

Архивски знак
Рок на

**БАРАЊЕ**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**ОД:** [redacted], со адреса на [redacted] Пехчево, контакт тел: [redacted], е-маил [redacted]@gmail.com.

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019, со сите измени и дополнувања)(„**ЗСПИЈК**“), од АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје („**Imателот**“) ги барам следните информации од јавен карактер:

- важечкиот Правилник за внатрешна организација на Имателот;
- важечкиот Правилник за систематизација на работни места на Имателот („**Информации од јавен карактер**“).

Информациите од јавен карактер може да ми бидат доставени во форма на електронски запис на мојата е-маил адреса [redacted]@gmail.com или во форма на фотокопија во службените простории на Имателот.

Во контекст на ова Барање ве потсетувам на вашата обврска во смисла на член 3 став 1 алинеа 1, член 9 и член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („**ЗСПИЈК**“) дека како правно лице кое врши дејност од јавен интерес (градба на социјални згради, издавање под закуп на социјални и функционерски станови) и кое е во целосна сопственост на државата, вие имате обврска сите подзаконски акти да ги објавите на вашата веб-страна, а кои во овој момент спротивно на ЗСПИЈК не се објавени, иако вие како Иmател на информации од јавен карактер јасно сте назначени на веб-страната на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен караткер („**Агенцијата**“), која воедно е тело кое врши супервизија врз примената на одредбите од ЗСПИЈК.

Дополнитлено, ве потсетувам дека необјавувањето на Информациите од јавен карактер и непостапување по ова мое барање веднаш, повлекува и соодветни прекршочни глоби за службеното лице кај Имателот на информацијата, а во смисла на член 39 од ЗСПИЈК.

Согласно член 16 став 5 од ЗСПИЈК, ова барање не содржи образложение.

Потпис

Во Скопје, 18.12.2025 година [redacted]

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

| наш знак | ваш знак | дата |
| --- | --- | --- |
| 03-7254/5 | | 26-12-2025 |

До:
А[redacted] Т[redacted]
Ул:[redacted]
Пехчево

**Предмет:** Доставување одговор по Барање информација согласно закокот за слободен пристап до информации од јавен карактер до imателот на информации Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

Врска: арх.бр 03-72541 од 18.12.2025 година

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр.101/2019)во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
во отсуство на службеното лице Елена Дранговска
Сања Јовановиќ Дамјановска

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

| наш знак | ваш знак | дата |
|---|---|---|
| 03-7254/4 | | 26-12-2025 |

Врз основа на член 20 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје, а во врска со барањето арх.бр.03-7254/1 од 18.12.2025 година го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

1.**Се прифаќа** барањето арх.бр. 03-7254/1 од 18.12.2025 година за пристап до информација од јавен карактер, а во врска со доставување податоци и тоа: Правилник за внатрешна организација и Правилник за систематизација на работни места на АДИССДП

2.Ова решение стапува на сила со денот на донесување

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со Вашето барање наш арх.бр. 03-7254/1 од 18.12.2025 година за пристап до Информации од јавен карактер, а во врска со доставување податоци и тоа Правилник за внатрешна организација и Правилник за систематизација на работни места на АДИССДП, согласно информациите добиени од Секторот за правни и општи работи, ви го доставуваме следниот одговор:

-Согласно Правилникот за деловна тајна на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, бр.02-12933/10 од 24.12.2019 година донесен од Одборот на Директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, Правилникот за систематизација на работни места на Акционерското друштво е документ кој е деловна тајна и не е информација од јавен карактер и поради тоа не можеме да Ви го доставиме.

-Во врска со Вашето барање за доставување на Правилник за внатрешна организација на Акционерското друштво, Ве известуваме дека Правилник со тој назив нема во Акционерското друштво, односно донесен е Правилник за организациона поставеност на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје бр.02-12980/3-1 од 31.10.2014 година, со три измени и допополнувања и тоа: Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организациона поставеност на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје бр.02-10130/7 од 22.07.2016 година, бр.02-6370/10-3 од 18.05.2018 година и бр. 02-10665/2 од 18.12.2020 година и истиот Ви го доставуваме со сите измени и дополнувања.

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

Исто така, напоменуваме дека на Ваше барање, бр. 03-7034/3 од 16.12.2025 година, преку допис бр. 03-7034/4 од 22.12.2025 година Ви е доставен дел од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје бр. 02-4748/6 од 19.09.2024 година, односно делот во кој е предвидено работното место "Главен координатор" во Секторот за стопанисување со станбен простор во Подружница Скопје, со опис и попис за тоа работно место, за кое Вие како работник имате склучено договор за вработување бр. 04-6203/2 од 13.11.2024 година.

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
во отсуство на службеното лице Елена Дранговска

Сања Јовановиќ Дамјановска